МИОДРАГ М. ТОДОРОВИЌ
Филозофски факултет
Скопје

**УДК 807.7-313**

# МИКЕНСКОТО ЛИЧНО ИМЕ ОД КНОС (KN As 1516) *a-ra-na-ro/Arnaros/*: *῎Αρναρος И ПРЕДГРЧКИТЕ ФОРМИ Ἀρνάριον И Ἀρνασός

*Айсшракш:* Во микенското лично име од Кнос (KN As 1516) *a-ra-na-ro* сметаме дека се крие едно предгрчко лично име *῎Αρναρος изведено од предгрчката супстратна основа ἄρνα проширена со суфиксот -(α)ρο-, т. е., *a-ra-na-ro/ Arnaros /*: *῎Αρναρος. Потврди за ваквата наша теза ја наоѓаме во ахајската форма Ἀρνάριον 'света шума, гај, луг', одн., 'шумски извор, кладенец' за која се смета дека претставува една секундарна изведеница на -ιο- од постарата предгрчка форма *῎Αρναρος, т.е., ῎Αρνα : *῎Αρναρος: Ἀρνάριον.

За микенското лично име од Кнос (KN As 1516) *a-ra-na--ro* се претполага дека има своја еквивалентна трага во формата *a-ra-na-re* од Линеарното А писмо. Ваквата констатација произлегува од фактот што формите од Линеарното А писмо кои завршуваат на еден од вокалите *-e*, *-i*, *-u*, (сп. *da-ta-re*, *su-ki-te*, *ta-na-ti*, *a-qi-ru*, *ma-ru*, *qa-qa-ru* и др.) истите во Линеарното Б писмо најчесто се супстантивирани со вокалот *-o*, (сп. *da-ta-ro*, *su-ki-to*, *ta-na-to*, *a-qi-ro*, *ma-ro*, *qa-qa-ro* и др.)[1].

По начинот на кој е образувана микенската форма *a-ra--na-ro* има можност да се допушти дека истата го претставува оној најстар тип на предгрчки антропоними кои се изведени од една предгрчка апелативна форма од *a-* основа, проширена со

[1] M. Ventris-J.Chadwick, *Documents im Mycenaean Greek, Cambridge² 1973*, (= *Docs.²*), стр. 35ss; A. Furumark, *Linear A und die altkretische Sprache. Entzifferung und Deutung*, I, 1956; C. D. Ktisopoulos, "Relations entre Lineaire A et Lineaire B, *Etudes Myceniennes*, Paris 1956, str. 189–191; P. Hr. Ilievski, "Observations on the personal names from the Knossos D tablets, *Mykenaika*, *BCH*, *Supplement* XXV (1992), стр. 324 ss. и таму наведената литература. Имено, ваквата хеленизација, одн., супституција се должи на постојаното прилагодување и адаптација што го вршеле минојските писари на своето минојско Линеарно А писмо и неговите силабограми за потребите на микенскиот грчки јазик од Линеарното Б писмо. Сепак, останува нејасно на кој јазик е пишувано Линеарното А писмо. За овие проблеми види поопстојно кај, M. Lejeune, *Mémoires de philologie mycénienne*, стр. 235ss., а поопширно кај Dž. Čedvik, *Mikenski svet*, Beograd 1980, стр. 24, 27, 109.

суфиксот -(α)ρο-, т.е., *a-ra-na-ro/ Arnaros /*. Траги од ваков вид на предгрчки лични имиња веќе се среќаваат во микенскиот грчки, (види, *ma-ma-ro/ Marmaros /* : Μάρμαρος : Μάρμη, *qa-da-ro/ $Q^u$andaros /* : Πάνδαρος : предгр. Πάνδα, *$pu_2$-ru-da-ro/ Phludaros /* : *Φλύδαρος : φλυδᾶν во Πατηριο-φλυδαρος, *ku-ja--ro/ Guaros /* : Γύαρος : предгр. Γύης, *ki-da-ro/ Skidaros* или *Kidaria /* : Σκίδαρος или Κιδαρία[2], *a-sa-ro* или *ja-sa-ro/ Assaros /* кои се доведуваат во врска со грчката форма ᾿Ασσάρακος, или можеби уште подобро со Ἄσσαρα, види уште, *tu-da-ra/ Tundaras /* : Τύνδαρας; *qi-ta-ro/ $Q^u$itaros /* : Τίταρος и др.)[3].

Во прилог на тезата дека микенското лично име *a-ra-na-ro/ Arnaros /* би можело да го претставува токму тој најстар предгрчки антропонимиски супстрат, изведен од предгрчката супстратна основа ἄρνα[4] која била проширена со суфиксот -(α)ρο-, по наше мислење, упатуваат следниве примери и аналогии од помикенскиот период. На прво место тоа е секако ахајската форма ᾿Αρνάριον ʽсвета шума, гај, луг' или ʽшумски извор, кладенец', за која по начинот на кој е образувана се смета дека претставува една секундарна изведенка на -ιο- од првобитно постарата форма *᾿Αρναρος, т.е., Ἄρνα: *Ἄρναρος : ᾿Αρνάριον ( = Ἴλη: Ἴλαρος: ᾿Ιλάριον, Φάλης: Φάλαρος: Φαλάριον, Σίμη: Σίμαρος: Σιμάριον; Μάρμη : Μάρμαρος : Μαρμάριον, спореди уште, Κίταρος: Κιτάριον, Τίταρος : Τιτάριον и др.)[5]. Вториот пример, но не помалку значаен, го гледаме во алтернацијата на предгрчките суфикси -**s(s)V-* и -**rV-*, *(V=o)*,

[2] A. Heubeck, *Praegraeca*, Erlangen 1961, str. 25., микенската форма *ki-da-ro* ја доведува во врска со предгр. Κιλδαρα > Κιλλαρα.

[3] *Docs.*[2], *Glossary* s. v.; O. Landau, *Mykenisch-Griechische Personennamen*, Goteburg 1956 s.v. (= *MGPN*). За формите на -αρος од помикенската епоха, (сп. αὐγή · Αὔγαρος; λευκή · Λεύκαρος; κύδη · Κύδαρος и др.) види кај E. Schwyzer, *Gr. Gamm.* I, стр. 482.

[4] По однос на етимологијата на предгрчката супстратна основа **arn*- во науката преовладуваат две сосема спротивни мислења. Имено, според едни, во **arn*- станува збор за ʽopidum sive arx', (сп. H. Van Herwerden, *Lexicon Graecum Suppl. dialecticum*, стр. 205), а според други, во оваа предгрчка основа се крие значењето на ʽизточник, кладенец', (сп. E. Forrer, „Quelle und Brunnen in Alt-Vorderasien", *Glotta* 26 (1938), стр.178). Тезата на Е. Форер произлегува од хетитската форма *Arinna* = *arna* ʽизвор,источник': гр. χειμάρρος, ст.инд. *rinati* ʽток, течение', гот. *rinno* ʽпоток': стсл. *rinuti*; Види, F. Schachermeyer во *PWRE* XI. „Die vorgriechische Sprachreste", coll. 1514. Формите кои се сметаат за изведенки од предгрчката супстратна основа ἄρνα, (сп. Ἄρνα град во Ликија од личното име Ἄρνος, Ἄρνη извор во Аркадија но и топоним во Бојотија и Тесалија; Φαλάσαρνα град на Крит, ᾿Ιδάρνα топоним во Карија, ῾Υπάρνα, Καβαρνίς име на свештеници, Αρνεστας лично име, Ἄβαρνος и ᾿Αβαρνίς град во Троја, *Arnuwandas* име на хетитскиот цар и др.).

[5] По однос на секундарните изведенки на -ιο- од постарите форми на -αρο- види кај E. Schwyzer, *Gr. Gamm.* I, стр. 471 и таму приведената литература.

кај именските основи кои потекнуваат од ист радикал и кои се речиси идентични по своето значење. При тоа, од таквата анализа произлегува дека формата од Карија ᾿Αρνασός (од *ἄρνα + -σ(σ)ο-) како лично име, наспроти, микенската форма *a-ra-na-ro/ Arnaros /*: *῞Αρναρος (< *ἄρνα + -(α)ρο-), стои во ист сооднос како предгрчките форми ῞Ασσησος : ῞Ασσηρος; Σαλασσός : Σάλαρος, Ταμασσός : Τάμαρος, Τερμησσός: Τέρμηρα, Κάρησος : Κάραρος, Μαρμησσός : Μάρμαρος, Τιτυασσός: Τίτυρος: Τῖταρος и др[6].

На присуството на предгрчкиот супстрат ἄρνα во микенската антропонимија, во поново време укажува и проф. П. Хр. Илиевски[7] преку анализата на микенското лично име од Кнос (KN Dv 5224) *a-pa-ni-jo* во кое тој открива еден етникон на -ιο-, т.е., *a-pa-ni-jo/ Abarnios /*: *᾿Αβαρνῖος изведен од предгрчките топоними ῞Αβαρνος или ᾿Αβαρνίς.

Од горе изнесеното, може да се заклучи дека траги од претпоставената предгрчка форма *῞Αρναρος од која била изведена подоцнежната ахајска форма ᾿Αρνάριον исцело не биле загубени. Имено, во микенската епоха таа била запазена во микенското лично име *a-ra-na-ro/ Arnaros /* : ῞Αρναρος за кое врз база на лингвистичките сознанија укажавме дека потекнува од предгрчката супстратна основа ἄρνα проширена со суфиксот -(α)ρο-, а на која како најблиска форма стои личното име од Карија ᾿Αρνασός (< *ἄρνα + -σ(σ)ο-). За рефлексот на делумно исчезнатите форми на одделни микенски лични имиња во помикенскиот период види на пример,(*e-ti-ra-wo/ Erti-lawos /*: *᾿Ερτιλαος : Λα-έρτης, *o-na-se-u/ Onaseus /*: *᾿Ονασηύς : ᾿Ονασί-οικος, *o-ta*$_2$*-no/ Orti-anōr /*: *᾿Ορτι-άνωρ, *a-da-ra-ko/ Andrarkhōi /* : **Andrarkhōi* (дат.синг.) од *Andrarkhos*: ῞Αρχανδρος и др.)[8].

---

[6] За алтернацијата на предгрчките суфикси *-s(s)-/-r-* види, F. Schachermeyer во *PWRE* XI. „Die vorgriechische Sprachreste“, coll. 1512. По однос на потеклото на предгрчкиот суфикс -**as(s)o-* за кој се смета дека се додава директно на именската *a-* основа, види кај A. Heubeck, *op. cit.*, стр. 48–52. Имено, A. Heubeck смета дека микенските форми *ru-na-so/ Lurnas(s)os /*: Λυρνασ(σ)ός; *i-wa-so/ Iwas(s)os /*: ᾿Ιϝασ(σ)ος; *pu-ra-so/ Puras(s)os /*: Πυρασ(σ)ός и др. директно се изведени на *a-* основите **ru-na*; **i-wa*; **pu-ra*.

[7] P. Hr. Ilievski, *op. cit.*, стр. 335.

[8] П. Хр. Илиевски, „Континуитет меѓу микенската грчка и класично-грчката антропонимија“, *ЖА* 30 (1980) стр. 73–86; – "*O-ta*$_2$*-no/ Orti-anōr /* и други микенски и хомерски имиња сложени со *(-)anōr*, *(-)andros/-ra*“, *ЖА* 40 (1990) стр. 15–28.

## ZUSAMMENFASSUNG

*Miodrag M. Todorovic*, Der mykenischen Eigennamen von Knossos (KN As 1516) *a-ra-na-ro/Arnaros/*: *"Αρναρος und die vorgriechischen Formen 'Αρνάριον und 'Αρνασός

Im mykenischen Eigennamen von Knossos (KN As 1516) *a-ra-na-ro /Arnaros/* liegt unseres Erachten ein vorgriechischer Eigenname *"Αρναρος vor, vom vorgriechischen Substratstamm abgeleitet, ἄρνα mit dem Suffix -(α)ρο-, bzw. *a-ro-na-ro/Arnaros/*: *"Αρναρος erweitert. Beweise für unsere These finden wir in der Achaischen Form 'Αρνάριον 'heiliger Hain', bzw. 'Quellenhain', die für eine Sekundärableitung auf -ιο- von der älteren vorgriechischen Form *"Αρναρος gehalten wird, bzw., "Αρνα : *"Αρναρος: 'Αρνάριον, ( = "Ιλη: "Ιλαρος: 'Ιλάριον, Φάλης: Φάλαρος: Φαλάριον, Σίμη: Σίμαρος: Σιμάριον, Μάρμη : Μάρμαρος : Μαρμάριον u.a.). Spuren dieser Art vorgriechischer Eigennamen, die von vorgriechischen Appellativformen vor *a*-Stamm, mit dem Suffix -(α)ρο- abgeleitet sind in der mykenischen griechischen Sprache nachgewisen (vgl. *ma-ma-ro /Marmaros/* : Μάρμαρος : Μάρμη, *qa-da-ro/ $Q^u$andaros/* : Πάνδαρος : Πάνδα, *pu$_2$-ru-da-ro/Phludaros/* : *Φλύδαρος : φλυδᾶν: Πατηριο-φλυδαρος, *ku-ja-ro/ Guaros /* : Γύαρος : Γύης u. a.).

Das zweite, nicht weniger bedeutsame Beispiel sehen wir in der Alternation der vorgriechischen Suffixe -**s(s)V-* und -**rV-*, (*V* = *o*) bei den substantivischen *a-* Stämmen. Aus dieser Analyse ergibt sich, dass der Eigenname von Karia 'Αρνασός (< *ἄρνα + -σ(σ)ο-), der mykenischen Form gegenüber *a-ra--na-ro/ Arnaros /*: *"Αρναρος (< *ἄρνα + -(α)ρο-) in der gleichen Korrelation steht wie die vorgriechischen Formen (vgl. "Ασσησος : "Ασσηρος; Σαλασσός : Σάλαρος, Ταμασσός : Τάμαρος, Τερμησσός: Τέρμηρα, Κάρησος : Κάραρος, Μαρμησσός : Μάρμαρος, Τιτυασσός: Τίτυρος: Τίταρος u. a.).